МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Г.Р.ДЕРЖАВИН

СВ. НИКОЛЕ

Постдипломски студии:

Насока: Менаџмент со човечки ресурси во мали и средни претпријатија

МАГИСТАРСКИ ТРУД

КОНТИНУИРАНА ОБУКА И ТРЕНИНГ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА ПОУСПЕШНО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ПЕРФОРМАНСИ

Изработила

Марина Глигорова

бр. индекс М191020

Ментор:

Проф.Д-р Шекеринка Ивановска

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ

ВОВЕД.....

А) Предмет и цели на истражувањето 6

Б) Задачи на истражувањето.....12

В) Истражувачки хипотези.....13

Г) Варијабли во истражувањето.....15

Д) Методологија и инструменти на истражувањето.....17

1. ЕКОНОМИЈА НА ЗНАЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ.....21

2.УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ 23

2.1.Улогата на менаџментот на човечки ресурси.....23

2.2.Цели на менаџментот на човечки ресурси 25

2.3.Трендови во окружувањето кои влијаат на менаџментот на човечки ресурси.....28

3. ПОТРЕБАТА ОД КОНТИНУИРАНА ОБУКА И ТРЕНИНГ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ……...…….31

3.1. Улогата на обуката во управувањето со човечките ресурси….....32

3.2. Дефинирање и обука на целите на вработените.....33

3.3. Профилирање на вработените.....37

3.4. Програма за обука и развој на вработените.....38

3.5. Анализа на потребите за обука.....39
3.6. Дизајн на програма за обука.....41
3.7. Имплементација на програми за обука.....43
3.8. Спроведување обука.....44
3.9.Евалуација на програмите за обука.....44
3.10. Методи за обука на вработените.....47

4.ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ КАКО МОТИВАЦИОНА СТРАТЕГИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА.....51

4.1. Мотивација и факторите кои влијаат на мотивацијата на вработените.....53
4.2.Улога на менаџерот во мотивирање на вработените 58
4.3.Обуката и тренингот на вработените како мотивирачки фактор.....61

5. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА И ТРЕНИНГ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ.....

5.1. Анализа на резултатите од истражувањето.....63

5.2.Потврдување на хипотезите во истражувањето 84

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.....87
ЛИТЕРАТУРА.....90

ПРИЛОГ- Анкетен прашалник..

Abstract

The objective of this master is to analize how continuous training of employees affects the more successful realization of their own goals and the goals of the organization .

In modern market conditions , due to the strong competition for an organization to survive , it must constantly learn how to use all its potentials in a best way .

Successful organizations today are driven by the ability to do more and better than their competitors . The basic and strongest weapon in the fierce struggle for success on a competitive and uncertain ground today is knowledge - the basic capital that ensures the survival and success of the company .

Keywords

training , employees , goals , knowledge , competition , company

1. ВОВЕД

Во современи услови на пазарот, поради силната конкуренција за да опстане една организација таа мора постојано да учи како најдобро да ги искористи сите свои потенцијали.

Успешните организации денес се водени од способноста да направат повеќе и подобро од нивните конкуренти. Основното и најсилното оружје во жестоката борба за успех на конкурентно и несигурно тло денес е знаењето - основниот капитал што обезбедува опстанок и успех на компанијата.

Во новата ера - ерата на економијата на знаење , најважната од сите ресурси и основниот двигател , е токму човечкиот ресурс - односно луѓето што се вработени во компанијата .

Квалитетниот персонал или едноставно кажано - вистинските луѓе на вистинското работно место , секако е од клучно значење за вработениот како и за интересите на самата организација. Доколку целта на денешната организација е успех на долг рок , организацијата не смее да си дозволи погрешни чекори поврзани со изборот на вработените и искористувањето на нивниот потенцијал. Погрешен чекор може да резултира и со заминување на најдобрите луѓе. Основните одлуки при избор на тим се првиот чекор на патот кон создавање силна, стабилна целина.

Иако свеста за човечките ресурси го завземаат приматот во однос на другите ресурси се чини дека малкумина менаџери се свесни за огромното влијание на управувањето со човечките ресурси воопшто врз просперитетот и успехот на една модерна организација денес.

Образование, обука, зајакнување на индивидуалното чувство за мотивација , инсистирање на тимска работа и заеднички цели се основните формули за успешен бизнис. Современата организација и нејзиниот успех на конкурентен пазар зависат од континуирана обука и едукација на вработените.

Вработените стануваат човечки капитал во моментот кога ги насочуваат своите знаења и вештини кон дејствување во согласност со целите на самиот колектив . Со цел резултатот

да биде успешен од континуираните обуки и едукација на вработените , мотивацијата и задоволството од работата се основните двигатели на една индивидуа.

За да може вработениот во една модерна организација да добие работна мотивација потребни се низа фактори , но еден од најважните е постојаното подобрување и обука на сите нивоа на организацијата .

А) Предмет и цели на истражувањето

Предметот на истражување за потребите на магистерскиот труд: “ Континуирана обука и тренинг на човечките ресурси за поуспешно реализирање на индивидуалните и организациски перформанси ”, е теоретска и практична анализа на обуката и развојот на вработените во функција на подобрување на работењето на организацијата.

Имено, образовната функција на организацијата претставува комплексна активност и задача која се остварува во рамките на менаџментот на човечки ресурси и е една од неговите најзначајни под функции. Не треба да се заборави фактот дека човекот сам по себе не претставува ресурс за организацијата , туку тоа се неговите потенцијали : образование , знаење , вештини , компетенции , мотивација , на кои организацијата може да влијае преку вложување во континуирани обуки и развој на вработените

Компаниите кои инвестираат во обука и развој на своите вработени го прават тоа за да ја одржат или подобрат својата конкурентска предност , но има и други бенефиции .

Студиите потврдуваат дека вработените на сите старосни нивоа сакаат да стекнат и да користат нови вештини - и дека постои поголема веројатност да останат кај работодавачите кои нудат богата програма за обука и развој.

Постојат мноштво причини зошто има смисла за една организација да инвестира во развој на постојните таленти. Можеби најубедливиот аргумент е дека чини многу повеќе да се регрутираат нови таленти отколку да се развиваат постојните вработени . Инвестирањето во развојот на таленти е од витално значење за работодавачите бидејќи директно влијае врз задржувањето на работниците , нивна мотивација , ангажирање и продуктивност . Вработените на новиот милениум, особено, се заинтересирани за учење и тие најчесто ќе

бараат работа на друго место ако нивните работодавци не успеат да им дадат можност да учат и да стекнат нови вештини.

Основна цел на тренингот е да одредени процеси и задачи се одвиваат и изведуваат што е можно подобро , и по продуктивно . Овој процес подразбира и одредена промена која работодавачот сака да ја постигне со обуката . Голем број организации кај нас и во светот сметаат дека за конкурентската предност е важно знаењето поради што се вложуваат огромни средства и ресурси во развојот на интелектуалниот капитал , односно знаењето .

Некои од можностите за примена на обуката кај вработените се однесуваат на:

❖ Мотивирање на вработените, ❖ Делегирање на работата, ❖ Решавање на проблеми,

❖ Создавање на тимови, ❖ Оценување и проценка на вработените, ❖ Планирање и критички осврт, ❖ Работа во тим, ❖ Развој на вработените, ❖ Планирање, ❖ Раководење, ❖ Следење на учинокот и ❖ Ефикасност.

Целта на обуката е вработените да ги совладаат знаењата , вештините и однесувањата нагласени во програмите за обука и истите да ги применуваат во нивните секојдневни активности. Благодарение на обуката , вработените често развиваат поголемо чувство на самопочит и достоинство - бидејќи тие стануваат повредни за фирмата и за општеството . Општо земено тие ќе добијат поголем дел од материјалните добивки кои произлегуваат од нивната зголемена продуктивност . Овие фактори им даваат чувство на задоволство преку остварување на лични и општествени цели . Квалитетот на вработените и нивниот развој преку обуката и едукацијата се главни фактори во одредувањето на долгорочната профитабилност на организацијата .

Компаниите посветени на квалитетот , инвестираат во обуката и образованието на своите вработени. Пред да се истакне дека технологијата е одговорна за зголемената потреба за обука на вработените, важно е да се разбере дека има и други фактори кои придонесуваат за истото.

Обуката е неопходна и за индивидуалниот развој и напредок на вработениот , што го мотивира да работи за одредена организација . Обуката го ажурира знаењето на

вработените согласно трендовите на пазарот како и промената на политиките за вработување .

Два најголеми фактори кои придонесуваат за зголемената потреба за обука и развој во организациите претставуваат (Goldstein, 2007,22-32): Промените и Развојот.

Парите не се единствениот мотиватор на работа и ова е особено важно за 21 век . Луѓето кои работат со организации бараат повеќе од само вработување , тие го гледаат холистичкиот развој на себе. Духовноста и самосвеста , на пример , стануваат импулс во целиот свет . Луѓето бараат среќа на работа .

Добро обучените вработени покажуваат поголем квантитет и квалитет во перформансите. Тоа за организацијата значи помалку губење време , пари и ресурси кога вработените се соодветно обучени .

Инвестирањето во обука на вработените ги задржува и ангажира , а исто така ја промовира и лојалноста . Тоа ќе ја подобри натпреварувачката предност на компанијата , ќе ги зголеми нивоата на перформанси и исто така ќе ги подготви вработените за идните лидерски улоги . Создавањето на група на обучени вработени помага да се премостат празнините кога некој неочекувано ја напушта компанијата - или доколку прифати унапредување .

Вработените можат да бидат обучени за помали дополнителни вештини за продажба , услуги на клиентите , администрација и операции. Ваквите обуки го поттикнуваат тимскиот дух, бидејќи вработените ги ценат предизвиците со кои се соочуваат соработниците.

Вработените кои присуствуваат на вакви корпоративни обуки се самодвижечки и имаат потреба од помалку насоки и надзор во работата. Добро обучените вработени ќе бидат добро запознаени со работата и затоа им е потребен помал надзор.

Ефикасната обука може да се користи и за преквалификација на вработените или за учење на вештини, па дури и за вработените со повеќе вештини. Ова ќе им овозможи на вработените да ги диверзифицираат своите вештини и полесно да се префрлат од едни во други улоги во рамките на организацијата. И ова бара инвестирање во време , простор и пари .

Оттука, од суштинско значење е обуките да ги отсликуваат реалните работни места , за да можат учесниците подобро да се однесуваат кон него . Повеќето од грешките кои се случуваат во работењето се поради тоа што на многу вработени им недостасуваат потребните знаења и прецизни вештини потребни за вршење одредена работа .

Континуираната обука и тренинг обезбедува вработените да ги добијат вистинските вештини во вистинско време. Колку се повеќе обучени вработените, толку се помали шансите да се направат грешки во работата .

Обуката помага да се развие целокупната личност на вработените , правејќи ги попродуктивни , преку развивање на чувството за тимска работа . Квалитетот на работата и работниот живот може да се зголеми преку ефективна обука која помага во развивање на добар имиџ на организацијата.

Обуката исто така го зголемува моралот на работната сила, што е најважниот фактор за остварување на висок профит. Вработените се мотивираат преку обука со чија помош им стануваат јасни нивните улоги , граници и очекувања од нив , да знаат што да прават во која било ситуација или околности . Со помала или без поддршка од страна на супервизорите потребно е да се одвива обуката за донесување одлуки и развивањето на вештини за решавање на проблемите , со цел овие вештини лесно да се прилагодат на секојдневната рутинска работа , и истите да се користат секогаш кога супервизорите ја даваат таа можност .

Обуката , исто така, помага да се развие взаемна доверба и разбирање меѓу супервизорите и нивните подредени . Во двата случаи , кога работникот е нов и кога системот е нов , обуката , игра важна улога во прилагодувањето

Секоја организација може да развие посебни модели на обука , кои треба да бидат едноставни , јасни и лесни да се разберат и може да се спроведуваат од страна на разни обучени менаџери , менаџери за човечки ресурси , раководителот на организациски развој , менаџери за подобрување на ефикасноста , координатори за обука (дизајнери и оценувачи) и обучувачи .

Специфични придобивки од обуката на вработените како што се зголемените профити , стапки на продуктивност , пониски стапки на напуштање на организацијага и зголемена

лојалност на вработените се некои од главните придобивки на развојот и обуката на вработените .

Со цел да се задоволат тековните и идните предизвици на бизнисот , обуката и тренингот на човечките ресурси опфаќаат широк спектар на активности за учење , почнувајќи од обука на вработените до нивните тековни задачи и повеќе , споделување на знаења за подобрување на бизнис - хоризонтот и услугата на купувачи . Во современи услови , односот помеѓу организацијата и вработените се менува . Поголема важност е посветена на вредноста на поединците и придонесите во тимот , со цел да се најдат ефективни деловни решенија кои играат клучна улога во успешните организациски перформанси . Вработените кои имаат чувство на асоцијација со нивната организација , имаат голем интерес за нивна обука , личен развој и развој за подобрување на перформансите на организацијата .

Се повеќе и повеќе внимание се посветува на колективното знаење на работната сила , нивната креативност , ефективните вештини за решавање на проблеми во критични ситуации , лидерство , претприемачки и менаџерски вештини .

На една модерна организација денес и требаат луѓе кои пред се имаат доверба во себе и својот тим , кои се во можност лесно да се прилагодат на брзите промени , кои не се плашат од промени , луѓе кои се обучени за позициите што ги имаат и учат и се надоградуваат секој ден согласно темпото на развој и примена на новонастаната технологија . Вработените од ваков профил се доволно мотивирани да ја постигнат целта на компанијата , тие се столб и силна поддршка на компанијата во услови на бурни и турбулентни пазари.

Преку нашето теоретско и практично истражување ќе укажеме на неопходноста од континуирани обуки , тренинг и работење на мотивацијата на вработените , преку нивна соодветна обука денес се единствена гаранција за успех на една модерна организација .

Основниот ресурс на економијата денес е знаењето . Способните и образовани луѓе се најсилната армија на денешната ера на економијата на знаење.

Многу стари компании сè уште работат заробени во времето на стариот систем . Некои затоа што се стари , а други поради несоодветно управување со човечкото знаење и

несоодветен третман на вработените . Нашиот предмет на истражување е и укажување на овој проблем и подигнување на свеста за важноста на човечките ресурси . Инвестирањето во континуирани обуки и тренинг до постигнување на индивидуални цели , а со тоа и постигнување на целите на организацијата .

Преку бројни теоретски и практични истражувања ќе укажеме на важноста од користењето на човечкиот потенцијал , подигањето на мотивацијата на вработените како клучен фактор за просперитет и напредок на организацијата и потребата за континуирана обука и тренинг на вработените без кои денес е невозможно да се работи позитивно .

Цел на истражувањето е да се утврди дали менаџментот на човечки ресурси во организациите вложува во обуки и развој на вработените и како тоа влијае на квалитетот на услугата што ја даваат вработените , на организацискиот раст и успешното работење на организацијата .

Сознанијата од овој труд можат да послужат вработените кои се во период на зрелост , знаење , умеење , поголема самодоверба и способност да можат да го достигнат својот личен развој и индивидуално професионално напредување . Секоја организација и нејзиниот долгорочен развој зависи исклучиво од квалитетот на нејзините човечки ресурси . Тоа значи дека од ова истражување корист ќе имаат и самите организации т.е нивниот развој во подобрување на производство , испорака , услуга и односите со клиентите.

Менаџерите кои имаат огромна улога во развој на вработените , ќе бидат способни да ја применат оваа стратегија за да можат да ги мотивираат своите вработени .

Да укажеме на потребата да се спроведе програма за континуирана обука доколку сакаме мотивирана и квалитетна работна сила , како и да ја подигнеме свеста за важноста на препознавање на овој проблем . Континуираната обука и мотивација на вработените се во центарот на интересот на успешните менаџери .

Ние се свртуваме кон модерни организации од неодамна , новите генерации на млади менаџери , како и оние компании кои сè уште постојат на пазарот , имаат квалитетни производи , но не се фокусираат на квалитетот на работниот тим и нивната обука .

Општествената цел на ова истражување е да привлече внимание на важноста на оваа тема и теоретски и практично да се покаже дека нивото на развој на една

организација зависи во голема мерка од тимот што ја прави , и дека само со континуирана обука и тренинг , мотивиран тим и обучен тим е гаранција за успехот на една организација кон кој треба да се стреми .

Научната цел на трудот е детална анализа на сите сегменти и елементи што се сметаат за важни во теоријата во однос на континуираната обука на вработените за посуспешно реализирање на индивидуалните и организациските перформанси како и анализа на степенот на нивната мотивација и ориентација кон постигнување на целта.

Б) Задачи на истражувањето

- Да се објаснат поимите континуирана обука и тренинг на човечките ресурси , нивна споредба и значењето кое го имаат за организацијата ;

- Да се утврдат разликите помеѓу степенот на образование и искуство во однос на работната мотивација во малите и средни претпријатија

- Да се дефинираат процесите и методите за континуирана обука и тренинг на човечките ресурси ;

- Да се изврши анализа на истражувањето и добивање на нови релевантни сознанија и заклучни согледувања за придонесот на континуираната обуката и тренинг на човечките ресурси за успешноста и работењето на организацијата

Преку примерот на развиените земји , лесно е да се заклучи колку е важно темелно да се обратиме кон континуираната обуката на вработените и личен развој на вработените , да се има работници мотивирани да работат со цел да ја зајакнат индивидуалните перформанси , а со тоа и да ја унапредат организацијата .

Компаниите ширум светот ја сфаќаат оваа област многу сериозно , целосно свесни колку придонесува за подобрување на деловната и работната клима во организацијата .

Придонесот и важноста на нашето истражување ќе биде да ја зголемиме свеста за богатството на човечки ресурси во рамките на една организација . Справување со човечки ресурси и соодветно насочување на вработените , а со тоа и нивно мотивирање за нови потфати , гарантира сигурен успех на конкурентенските пазари .

В) Истражувачки хипотези

Генерална хипотеза А:

Вложувањето на менаџментот на човечки ресурси во обуката и развојот на вработените во организацијата може значително да допринесе кон успешното работење на организацијата.

Од генералната хипотеза А поставени се следните потхипотези:

Потхипотеза А1

Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обука и развој на вработените тогаш тоа значително влијае врз подобрување на квалитетот на услугата и мотивираноста на вработените.

Потхипотеза А2

Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа позитивно ќе влијае на остварување на организадиските цели и раст на организацијата.

Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа има значително влијание врз организациската конкурентност.

• Клучен предуслов за постигнување на деловните цели на секоја модерна организација е инвестирање во обука на вработените, изнаоѓање на вистинските методи и начини за мотивирање на вработените , како и постигнување на нивно задоволство од работата.

• Управувањето со човечки ресурси треба да има постојан фокус на обука и едукација на вработените , доколку целта на организацијата е опстанок и успех на современиот пазар на труд .

• Способноста на вработените да постигнат подобри перформанси е резултат на нивното образование и обука во организацијата ,

• Најважниот фактор што влијае на мотивацијата на вработените е поседувањето на адекватно и продуктивно знаење што им помага да бидат ефикасни во остварувањето на организациските цели.

• Улогата на менаџерот за човечки ресурси и неговата свесност за важноста на процесот на обука е клучна за негово успешно спроведување .

• Мотивираниот вработен е позадоволен од својата работа и постигнува подобри резултати .

• Продуктивноста на вработените зависи од степенот на мотивација .

• Организациите во Република Северна Македонија треба да продолжат да ја подигаат свеста за важноста на инвестирањето во човечки ресурси .

• Вработените во странски приватни организации во Република Северна Македонија се се позадоволни од обуката за работа и се помотивирани за остварување на индивидуалните перформанси , а со тоа и организациските .

• Зголемувањето на платите , во организациите на територијата на Република Северна Македонија , е едно од најважните фактори кои влијаат на мотивацијата на вработените при работа.

• Предавањата и електронското учење се методите што најмногу се користат во практиката на организациите во Република Северна Македонија .

Г) Варијабли во истражувањето

- Пол

Во рамки на ова истражување ќе бидат вклучени лица – кои се во редовен работен однос од машки и женски пол . Двете групи испитаници ќе се формираат со постапката

балансирање така што истите нема да се разликуваат по бројот на машки и женски испитаници .

- Старост

Во истражувањето ќе бидат вклучени лица кои се кои се во редовен работен однос во самата организација минимум 5 год. и се на возраст од 25г.-35г. и лица од 35г.-45 г.и лица над 45 год. . Бројот на вработени во рамки на групите од различен пол ќе биде еднаков.

Релевантни варијабли

- Брачен статус на испитаниците

Испитаниците кои ќе влезат во примерокот за истражување ќе бидат со статус на мажени / женети

- Работен статус

Во примерокот за истражување ќе влезат лица кои се во редовен работен однос минимум 5 години во самата организација.

- Место на живеење

Примерокот ќе го сочинуваат испитаници кои живееат во град .

Д) Методологија и инструменти на истражувањето

Со цел докажување на дефинираните хипотези , во теоретскиот дел се користат следните методи:

♦ Метод на индукција - врз основа на поединечни факти и теории да се дојде до целокупен заклучок .

♦ Метод на дедукција — метод со кој врз основа на општи ставови се изведуваат поединечни и се доаѓа до конкретни поединечни заклучоци .

♦ Метод на анализа - расчленување на сложените поими , судови и заклучоци на нивни поедноставни составни делови , изучување на секој дел за себе и во однос на другите делови .

♦ Метод на синтеза - постапка на научно истражување по пат на спојување на делови или елементи во целина , составување на едноставни мисловни творби во сложени и сложените во уште посложени .

♦ Метод на дескрипција - постапка на едноставно опишување на фактите, процесите и предметите во природата и општеството .

♦ Компаративна метода - Постапка на споредување на слични поими и факти односно процеси и утврдување на сличностите и разликите помеѓу нив. Со компарација се воочуваат сличности или разлики помеѓу настани, појави, објекти.

♦ Метод на компилација - Постапка на превземање на туѓи резултати од научно истражувачката работа , односно туѓи запазувања , ставови , заклучоци и сознанија и нивно компарирање со добиените показатели од истражувањето .

Во емпириските дел од истражувањето се користи метод на анкетирање - постапка која врз основа на анкетен прашалник се истражуваат и собираат податоци , ставови , информадии и мислења за предметот на истражување и анализа на содржина . Исто така се користи и метод на интервју - се интервјуираа менаџерите и се анализираа нивните ставови во однос на предметот на истражување. При тоа резултатите од анализата на анкетниот прашалник се графички прикажани со помош на графикони.

Истражувањето се спроведе на примерок составен од вработени во мали и средни претпријатија опфаќајки ја Општина Кочани и Општина Виница од источниот дел во РС Македониаја . Истражувањето се спроведе во десет организации (осум –мали претпријатија и две-средни претпријатија) Примерокот брои вкупно 120 испитаници од кои 60 мажи (30 вработени во мали претпријатија и 30 вработени во средни претпријатија) , а останатите 60 ќе бидат жени (30 вработени во мали претпријатија и 30 вработени во средни претпријатија .

Истражувањето е реализирано во Октомври, 2020год..

Најпрво се презеде подготовка на истражувњето : пронаоѓање на организации кои имаат сектор за човечки ресурси , обезбедување согласност од одговорни лица од организациите за спроведување на анкетата , потоа се пристапи кон изготвување на анкетните прашалници и обезбедување на нивен доволен број за непречено спроведување на анкетирањето и на крај се изврши реализација на истражувањето : спроведување на анкетата и анализа на резултатите од пополнетите анкетни прашалници

Работна структура

Трудот што го презентираме се состои од следниве единици:

ВОВЕД - тој ја објаснува само почетната точка и нашиот предмет на истражување . Објаснивме која е нашата цел , односно што сме постигнале преку истражувањето какво значение има во научната област . Потоа ги утврдивме хипотезите и методите што би ги користеле понатаму .

ПРВ ДЕЛ НА ТРУДОТ - ЕКОНОМИЈА НА ЗНАЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ -

преку анализата укажуваме на важноста на вработените за продуктивноста и деловната ефикасност ја нагласуваме важноста на развојот на вработените во новото време на економијата на знаење и процесите што ја сочинуваат.

Објаснувајќи го концептот на економија на знаење , го објаснуваме и големиот интерес на менаџментот за управување со човечките ресурси и континуираната обука на вработените , а меѓу другото е и самата наша тема на истражување

ВТОР ДЕЛ НА ТРУДОТ – УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ , се однесува само на дефинирање на концептот на човечки ресурси , целите што ги постигнува и трендовите во животната средина кои имаат влијание врз него . Акцентот на управувањето со човечките ресурси се луѓето , развојната политика , социјалните и интелектуални аспекти на луѓето , самиот процес на управување , дејствија и одлуки при самото создавање активности во управување со луѓето

ТРЕТ ДЕЛ ОД ТРУДОТ е наречен : КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ , каде што пред се ја наведуваме улогата на самата обука во управувањето со човечките ресурси , потоа ја дефинираме обуката и истакнуваме кои се целите на обуката . Откако ја објаснивме важноста на профилирањето на вработените , пишуваме за самата програма за обука , методи за обука на вработените кои се особено применливи во модерните времиња на работење .

ЧЕТВРТ ДЕЛ ОД ТРУДОТ - ОБУКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ

ПЕТТИ ДЕЛ ОД ТРУДОТ - МОТИВАЦИОНА СТРАТЕГИЈА - откако се запознавме со самиот концепт на континуирани обуки , посветуваме внимание на мотивацијата како елемент кој влијае за постигнување на поголеми лични перформанси на вработените , а со тоа и поголеми перформанси и во организационата целина , Ја посочивме нејзината важност за управување со човечки ресурси - колку што е важна за развојот на поединецот исто како и за тимот во рамките на една модерна организација.

Со цел што полесно да се разбере оваа појава, ние исто така ги набројуваме факторите кои директно влијаат на мотивацијата.

Потоа ја презентираме улогата на самите менаџери во поттикнувањето на мотивацијата како фактор за постигнување на поголеми лични перформанси на поединецот и зборуваме за континуирана обука и развој на вработените како мотивирачки фактор .

ШЕСТИОТ ДЕЛ ОД ТРУДОТ се нарекува РЕЗУЛТАТИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО и во овој дел преку истражување презентираме слика на организации поврзани со континуирана обука на човечките ресурси . Во овој дел ќе ги разгледаме резултатите од онлајн анкетата спроведена како дел од нашето истражување на тема Континуирана обука и тренинг на вработените за поуспешно реализирање на индивидуалните и организациските перформанси . Преку истражувањето поставивме 20 прашања до испитаниците.

СЕДМИОТ ДЕЛ ОД ТРУДОТ - ЗАКЛУЧОЦИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО - даваме одговори на поставени хипотези кои се поставени во воведниот дел од истражувањето .

ОСМИОТ ДЕЛ НА ТРУДОТ - ЛИТЕРАТУРА , во која се наведени литературите на авторите што ги користевме во истражувањето како и примена на интернет ресурси.

ВО ДЕВЕТИОТ ДЕЛ НА ТРУДОТ, ја презентиравме формата на ПРАШАЛНИК што ја користевме по повод спроведување на истражување

1. ЕКОНОМИЈА НА ЗНАЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Стекнувањето нови знаења и вештини, како и користењето нови идеи, се столб на современите економски текови. Политичката , но и економската моќ се помалку се определува според количината на ресурси кои што некоја земјата ги поседува ,а сè повеќе

знаењето и можност за користење на знаењето . Производство засновано на знаење делува (нематеријално) , (лесно) , (мобилно) , а со сето ова и поконкуентно на глобалниот пазар .

За напредокот на општеството и економијата во светот,економијата на знаење е клучна денес, како и општеството знаење .

Објаснувајќи го концептот на економија на знаење , го објаснуваме и големиот интерес на менаџментот денес да се занимаваат со човечки ресурси .

Економијата на знаење е дефинирана на различни начини . Една од најдобрите дефиниции ја има дадено Piter Drucker во „ Effective Executive “ . Тој објаснува дека економијата на знаење е концепт што се залага за идејата дека вработените адекватно го користат своето знаење , за да го пренесат самите и да создаваат , се во согласност со целите на компанијата во која се вработени . Тој прави разлика помеѓу обичен работник „ физички работник “ и интелигентен работник . Обичниот работник работи со раце и така создава стоки и услуги . За разлика од него , паметен работник работи со глава , а не со раце , тој дизајнира и развива идеи , кои се клучни за претстојниот процес на општествениот развој [1].

Бројни фактори имаат влијание врз напредокот на економијата на знаење , што секако се рефлектира во процесот на политиките за управување на самите организации и најважни се (2) :

• Глобализацијата е актуелен тренд , пазарите стануваат меѓународни , а производите се достапни насекаде во светот .

• Информатичките технологии се поприсутни и се состојат од :-многу распространети компјутерски IP мрежи што доведоа до појава едно "глобално село"[2]

- технологијата ни овозможи да направиме огромен напредок во пренесувањето на информациите на долги растојанија , така што пристапот до информации е многу полесен денес

[1] Tomić Z., достапно на http://kapitalmagazin.rs/ekonomija-znanja-zasto-nam-je-nauka-vazna/,

[2] Tomić Z., достапно на http://kapitalmagazin.rs/ekonomija-znanja-zasto-nam-je-nauka-vazna/,

Сите овие промени имаат доведено до барање на нови квалитети кои се бараат од работниците , новите работни места бараат превземање на иницијативи , креативност , иновативност и умови кои се отворени за брзи промени и прилагодување

Најзначајни економски и развојни ресурси на современата економија претставуваат знаењето , односно интелектуалниот капитал . Зголемениот дел на знаењето во новоостварени вредности претставува главна карактеристика на преминот од индустриска доба во нова економија .

Човечкиот капитал како елемент на интелектуалниот капитал опфаќа знаење , искуство , способност , вештини , креативност и иновативност на поединецот . Настанува кога сите вработени со своите индивидуални и колективни знаења , вештини , можности , емоции и способности допринесуваат во стварањето на материјални и нематеријални вредности за организацијата (профит , имиџ , подобра организација на работењето и слично) [3]

Праксата покажува дека во денешното функционирање на една компанија , фокусирањето на знаењето на вработените е најдобар , а можеби и единствен начин да се стекне предност во однос на конкуренцијата . Поговорката “Колку знаеш , толку и вредиш “ , во денешни рамки може да се примени во една компанија каде интелектуалниот капитал претставува вистинска вредност на организацијата . Тоа е една од причините што една модерна компанија се повеќе инвестира во обука и развој на вработените , а од друга страна и вработените покажуваат потреба за континуирано учење и усовршување кое би им овозможило понатамошно напредување .[4]

2. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Менаџментот на човечки ресурси има задача да обезбеди компактност на организацијата која ќе може да расте и да се развива на основа на постојните ресурси . Самиот менаџмент има акцент на развој и на управување со вработените , но не смее да се занемарат и

[3] Alle V, 2002, The Future of Knowledge, Butterworth-Heinemann, Boston, p 3 , http://goo.gl/5BMgvT, 18.12.2016.god.

[4] Mašić B., Babić L., Đorÿević Boljanović J., Dobrijević G., Veselinović S., (2010) Menadžment, Univerzitet Singidunum, Beograd, str. 274.

нивните општествени и интелектуални потреби .

Во таа смисла ќе се осврнеме на настанувањето и дефинирањето на менаџментот на човечки ресурси , неговите цели и трендови кои влијаат на менаџментот на човечки ресурси .

2.1. Улога на менаџментот на човечки ресурси

Се смета дека менаџментот на човечки ресурси е настанат во 70-тите и почетокот на 80-тите години од 20 тиот век во САД . Се случувле бројни промени , а некои од нив се поврзани и со оддалечување од дотогашното традиционално масовно производство , изразено конкурентско окружување , како и големото влијание на новите технологии во работните процеси .

Со бројните промени и високата свест за тоа дека технолошкиот развој самиот по себе носи неопходност од организациони промени , се поголема потреба од знаење како и обука на вработените , управувањето со човечките ресурси стратегиски и проактивно станува една од формулите за успешна организација , а тоа подразбира да се стави акцент на континуирана обука и истакнување на вештините на работната сила на една и развивање на способноститете на работодавачот на драга страна . [5]

Со ова ја потврдуваме хипотезата која гласи дека менаџментот на човечки ресурси треба да има постојан фокус на усовршување и обука на вработените , доколку цел на претпријатието е опстанок и успех на турбулентниот современ пазар на труд .

Новите концепти на управување со човечките ресурси како доминантни теми ги истакнуваат луѓето , нивните ресурси , како и самиот менаџмент на човечки ресурси се развива во чекор со запознавање на современите организации и нивниот успех на турбулентните современи пазари како зависи од талентот на препознавање на работниот тим кој пред се е талентиран за работи кои ги работи и тим кој исклучително со своето

[5] Đorÿević Boljanović J, Pavić Ž, (2005) *Osnove menadžmenta ljudskih resursa,* Univerzitet Singidunum, 5 Beograd, str.18

знаење ја прави организацијата одржлива на долг рок .

Еден од основните принципи на современото одбележување на менаџментот на човечки ресурси е да се избере вистинскиот човек за одредена работна позиција . Клучна област на стратешкиот менаџмент во една современа компанија е менаџментот на човечки ресурси . Самата стратегија на управување со човечките ресурси внатре во еден систем во голема мера е условена од постоечките културни , идеолошки и институционални фактори .

Слика 1 и процес на менаџментот на човечки ресурси [6]



Извор : 6 Robbins S.,Coulter M., (2005), *Menandžment* - osmo izdanje, Data status, Beograd, str.283

За остварување на целите на организацијата , човечките ресурси имаат клучна улога . На сликата 1 можеме да увидиме дека обуката претставува важен чекор за стварање на способни кадри кои поседуваат современи вештини и знаење .

[6] Robbins S.,Coulter M., (2005), *Menandžment* - osmo izdanje, Data status, Beograd, str.283

Она што со сигурност можеме да утврдиме е тоа дека менаџментот на човечки ресурси е област која е во експанзија , значењето на менаџментот на човечки ресурси и се поголемата популарност со себе носи и нови искушенија но и предизвици со кои ќе се соочува современиот менаџмент на човечки ресурси .

Како теорија и пракса менаџментот на човечки ресурси и во РС Македонија претставува област која е во експанзија . Преку пазарните услови на производство и се поголемата присутност на странски инвестиции , компании и странски капитал се создадоа и услови за значајни промени во односот кон вработените . Кај сите организации се јакне важноста на менаџментот на човечки ресурси .

2.2 Цели на менаџментот на човечки ресурси

Она што една современа организација го има ипланирано да го оствари , како и зацртаните резултати кои планира да ги постигне претставуваат воедно и цели на менаџментот на човечки ресурси . Вработените во една организација , внатре мора да настојуваат да одржуваат добри меѓусебни односи , дух на тимска работа , да бидат фокусирани на задачите но и посветени на заедничките цели . Кога сето ова е остварено современата организација може да смета дека има добри основи да оствари водечка позиција на пазарот[7] . (7)

Основна цел на менаџментот на човечки ресурси е да ја подобри координацијата и кохерентноста во правец на остварување на целите на организацијата . Целта е постигната доколку работниот учинок е подобрен на социјално , етичко и стратешко ниво . Темелот на целокупната активност во човечките ресурси го сочинуваат четири цели :

Лични цели

Улогата на менаџерите на човечки ресурси е повеќекратна . Од Нив се очекува да ја утврдат организационата структура , како и да утврдат соодветни типови наа договори под кои ќе работат одреени групи на работници . Овие цели помагаат вработените да ги

[7] Martinović M., Tanasković Z., (2014) Menadžment ljudskih resursa, Visoka poslovno- tehniþka škola, Užice, str. 7

остварат сопствените цели остварувајќи ги целите на органнизацијата .

Вработените денес очекуваат поголеми и сложени задачи , како и напредување во кариерата . Да се препознаат личните цели на вработените и да се остварат истите е една од задачите на менаџментот на човечки ресурси доколку истите тежнеат кон остварување на целите на организацијата , а со самото тоа ги мотивираат и вработените .

Земајќи ја предвид динамиката на модерната ера и брзината на унапредување на технологијата и иновациите, иницирање и спроведување на личните цели сè повеќе станува одговорност на вработените. Поединци , тие самите стануваат одговорни за развој и унапредување на нивната работа , а посветеноста и напорот на работното местото треба да биде на високо ниво затоа што тие треба да се гледаат себеси како претприемачи кои што се одговорни за сопствен бизнис и тогаш кога работат за друга работна организација[8] .

Социјални цели

Од компанијата се бара строго да се придржува до одредени прописи и закони што се пропишани во однос на нормите на однесување кога станува збор за вработувањето. Се применува законодавств за заштита и безбедност при работа , закон за работни односи,

[8] Đorÿević Boljanović J., Dražeta L., Babić L., Dobrijević G. (2013), Razvoj karijere i poslovnih vještina, Univerzitet Singidunum, Beograd, str. 35

фактори на животната средина, родова дискриминација, оданочување на плати и други области од општо значење. Управувањето со човечките ресурси треба да обезбеди имплементација на законите , како и на етичките и другите норми , што треба да доведе да се намалат негативните влијанија што негативно би се одразиле на деловното работење на организацијата .

Цели на организацијата

Сите активности на менаџерите со човечки ресурси треба да се фокусираат на потребите на организацијата. Тоа имплицира дека степенот на корисност преку управување со човечки ресурси, како и големината на одделот за персонал , треба да биде со цел постигнување на организациски цели. Општ заклучок е дека задачата на човечките ресурси треба да биде воспоставување здружена соработка и обединување на интересите на сите нивоа на организацискатa структура .

Функционални цели

По изборот на профилирана работна сила, задачата на менаџерот е да се осигура дека сите работници имаат мотивација во работата што ја работат и затоа е многу важна обуката на вработените и самиот развој , како и систем на награди за вработените што ги охрабрува и ги насочува нивните напори и залагања според нивните работни цели .

2.3 Трендови во окружувањето кои влијаат на менаџментот на човечки ресурси

Големите промени што се случуваат на глобално ниво со себе носат бројни предизвици за производствените организации. Во средината на 80-тите, пресвртот се чувствуваше првенствено во организациите во Западна Европа и САД , кога тие се реорганизираа во стилот на јапонските

организации кои имаа завидна сила и успех во развојот на човечките ресурси. [9]

За правилно спроведување на активностите за управување со човечки ресурси неопходно е познавање на фактори како што се технолошкиот развој, глобализацијата , демографските промени и промените во природата на самиот бизнис, како и многу други .

Технолошки развој

Технолошкиот развој дејствува во правец на проширување на интернет комуникациите на светско ниво.

Во денешно време , повеќето од нашите животни активности ги правиме преку Интернет, како на пример онлајн шопинг. И во деловниот сегмент, имаше голем број промени. Доаѓајќи до зголемување на е-бизнис, употреба на информатичка технологија и зголемување на популарноста на активности поврзани со обезбедување на интернет услуги. За сите овие промени се потребни одредени квалификации на вработените, вештини и знаења, кои се стекнуваат само со специјални обуки и тренинзи .

Ова е местото каде што доаѓа до израз одделот за човечки ресурси, од каде се очекува детален и прецизен план за вработување , како и организација поврзана со програмите и самата обука на вработените. На тој начинот на кој технологијата е во голема мера вклучена во сите активности и фази на управување со човечки ресурси . [10]

Глобализација

Глобализацијата наметнува на современото управување бришење на границите меѓу државите. Затоакако што се зголемува нејзината важност, така се зголемува и

[9] Tanasijević Z. (2006), *Novi putevi menadžmenta ljudskih resursa*, 33. Nacionalna konferencija o kvalitetu, Kragujevac 10-12 maj, str 2.

[10] Đorđević Boljanović J, Pavić Ž, (2005) *Osnove menadžmenta ljudskih resursa,* Univerzitet Singidunum, Beograd, str.18

конкуренцијата , што со себе носи барање современите компании да произведуваат со уште подобар квалитет, но поевтино , да ја зголемат продуктивноста на вработените и да се трудат да бидат лидери на пазарот. Што се однесува до корисниците, глобализацијата е тука за нив , глобализацијата има добри страни за корисниците , како што се подобар квалитет на услугите и производите, многу подобри цени, но од друга страна постои зголемување на обемот на работа, како и намалување на сигурноста на работа[11] . (11)

Активирањето на човечките ресурси се појави како неопходна карактеристика на глобалните промени и знаењето станува основен развоен ресурс. Големи, успешни, глобални организации заинтересирани за клучен фактор на успехот на конкурентен модерен пазар се свртуваат кон човечки ресурси.

Во современиот свет, успешна организација се издвојува од помалку успешните по карактеристиките на луѓето, нивното знаење, начин на работа . Основната улога на современото управување со човечки ресурси е канализирање на индивидуалниот потенцијал, користење на знаење преку обука, вештини, способности и мотивација на луѓето да ги постигнат организациските цели

Демографски промени

Во последните десет години , односот на помладата и постарата популација се промени во повеќето земји. Намалениот број на помлада вработена популација исто така се појавува како проблем во однос на се поголемиот број на групи за пензионирање "baby boom"

[11] Đorÿević Boljanović J, Pavić Ž, (2005) *Osnove menadžmenta ljudskih resursa,* Univerzitet

генерација . Исто така , има промени во ставот кон работата и кон работните вредности. Постарите генерации, повеќе се фокусираа на работата отколку на семејството (генерација X , родена од 1965 до 1980 година , како и генерацијата Y родена од 1981 до 2000 година) , сферата на интерес се менува [12].

Од работа до семејство или обид да се балансира помеѓу овие две сфери . Вработување според
етничка и национална припадност, и по раса, зголемување на присуството на жени на пазарот на трудот, сè повеќе и повеќе вработени со скратено работно време или оние кои извршуваат работа по договор , се само некои од карактеристиките на модерната работна сила .

Промени во природата на работата

Традиционални фактори на производство како што се трудот и капиталот, што се однесува до освојувањето на конкурентните пазари веќе немаат примат и се повеќе се вложуваат напори за создавање и размена на знаење . Работниците денес поминуваат сè повеќе од своето работно време управувајќи со компјутеризирани машини, и се помалку работат напорна и физички тешка работа

3 ПОТРЕБАТА ОД КОНТИНУИРАНА ОБУКА И ТРЕНИНГ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Во следните редови , ќе се занимаваме со обука на вработените , што е една од најважните

[12] Đorđević Boljanović J, Pavić Ž, (2005) Osnove menadžmenta ljudskih resursa, Univerzitet Singidunum, Beograd, str.19

сегменти во човечките ресурси . Обуката е еден вид алатка што прави организациите да создаваат попродуктивен и посветен тим . Со континуирани обуки на вработените , со инвестирање во вработените , се создава посилна врска помеѓу работникот и организацијата . Според студија спроведена во Америка , резултатите потврдуваат дека оние вработени кои сметаат дека обуката е исклучително важен фактор за успех на работа во повеќето случаи се исклучително посветени на својата работа и ретко се откажуваат[13]

Успешните компании ги обучуваат вработените да ги развиваат своите вештини . Некои од најчестите обуки кои се спроведуваат се од следниве области:

- вештини за соодветно управување со тимот,
- вештини на управување со конфликти,
- деловни комуникациски вештини,
- мотивација на вработените

и многу други.[14]

Во современите еркономски системи , современиот начин на работење , развојот на знаење , вештини на луѓето и континуирана обука на вработените стануваат најважната алатка на менаџерот . Поради глобализацијата на светската економија и промените во бизнисот , обуката на вработените доаѓа до израз и станува сè поважна активност . Со цел да се постигне конкурентска предност , компаниите вложуваат многу во организирањето разни програми за обука на вработените .

Откако ќе се изберат работниците во чие знаење ќе се инвестира , многу е важно да се пронајде вистинскиот вид на обука .
Вложувањето на енергија и труд во внимателен избор на работници само по себе не гарантира дека тие ќе бидат ефективни . Дури и работниците со висок потенцијал за обука не можат да ја завршат својата работа ако не знаат што прават и како да го направат тоа.[15]
Самиот процес на обука треба да биде во фокусот на менаџерот или работодавачот .

[13] Burke J. (1995), Benefits of formal training courses within a professional services film. The Journal of Management Development, 14(3), 3-13

Улогата на сите вработени и раководството треба да биде насочена кон давање на постојан напор за решавање на проблемите што вклучуваат обука и едукација со цел развој на вработените . Обуката на вработените кога е комбинирана со вредностите , етика, естетика, разбирање и спознавање , но исто така и мотивацијата на вработените гарантира успех и на поединецот и на целиот деловен систем .

5. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА И ТРЕНИНГ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

5.1. Анализа на резултатите од истражувањето

5.1.1 Анализа на поставените хипотези од истражувањето

Поединечна хипотеза 1
Независна варијабла: Вложување во обука и развој на вработените
Индикатори: Искази на испитаниците (прашања од 1до 6)
Зависна варијабла: квалитетот на услугата кој ја пружаат вработените.

Поелинечна хипотеза 2
Независна варијабла: Вложување во обука и развој на вработените
Индикатори: Искази на испитаниците (прашања од 7 до 11)
Зависна варијабла: Раст на организацијат

Поединечна хипотеза 3
Независна варијабла: Вложување во обука и развој на вработените
Индикатори: Искази на испитаниците (прашања од 12 до 16)
Заеисна варијабла: Организациска конкурентнос

5.1.2 Популација која учествуваше во истражувањето

Истражувањето е спроведено во осум организации со различна големина.
Вкупно се анкетирани 117 вработени и тоа:

- ИНТ-23 вработени,
- ТИНГ -24 вработени,
- СН Финансиско Друштво – 6 ,
- Штедилница Можности -3 вработени
- МЕТАС – 26 вработени,
- Е Консалтинг – 10 вработени,
- АРТЕКС – 18 вработени
- ИНВИНИ Виница- 7 вработени

Заради обезбедување поголема прецизност и точност на податоците, водено е сметка анкетираните лица да бидат од различен пол, возраст, степен на образование и со различни години на работен стаж.

5.1.3 Анализа и интерпретација на добиени резултати

Испитаниците одговараа на прашањата од анкетниот прашалник со избор на:

- 1 - воопшто не се согласуваат со дадениот исказ,
- 2 - не се согласуваат со дадениот исказ,
- 3 - немаат мислење за наведениот исказ,
- 4 - се согласуваат со дадениот исказ и
- 5 - целосно се согласуваат со дадениот исказ.

Одговорите на прашањата, од 1 до 6 се однесуваат на првата поединечна хипотеза и треба да покажат дали обуката и развојот на вработените влијае врз квалитетот на уелугата која ја пружаат вработените. Одговорот на прашањата 7- 11 ја потврдува или отфрла втората поединечна хипотеза а тоа е дека обуката и развојот на вработените влијае на организацискиот раст. Одговорите на прашањата од реден број 12-16 треба да ја потврди или негира третата поединечна хипотеза.

По извршената анализа и интерпретација на резултатите следуваат заклучни согледувања од спроведеното истражување и препораки, односно согледување на ставот колку организациите во кои работат анкетираните вработени ја препознаваат корелацијата помеѓу успешното работење и вложувањето во обука и развој на вработените.

Истражувањето се одвиваше во три фази:

> **Подготовка на истражувњето:** пронаоѓање на организации кои имаат сектор за човечки ресурси, обезбедување согласност од одговорни лица од организациите за спроведување на анкетата, изготвување на анкетните прашалници и обезбедување на нивен доволен број за непречено спроведување на анкетирањето (1 недела).

> **Реализација на истражувањето**: спроведување на анкетата (15 дена).

> **Анализа на резултатите** од пополнетите анкетни прашалници (4 недели).

Структура на испитаници

Табела 1.

ПОЛ	
М	**57**
Ж	**60**
ВОЗРАСТ	
20-35	**54**
36-50	**49**
51-65	**14**
ОБРАЗОВАНИЕ	
ССС	**60**
ВСС	**52**
М-Р	**2**
СТАЖ	
ДО 5 ГОД.	**30**
5-10 ГОД.	**60**
10-20 ГОД.	**27**

Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.1. **„ Развојот на човечките ресурси е прашање од витално значење кое не смее да се занемари во организцјата**“, дадени се следниве резултати

воопшто не се согласувам - / испитаник (0 %), не се согласувам - 1 0 испитаници (8,5 %), немам мислење – 12 испитаници (10,5 %), се согласувам - 43 испитаници (37 %) и целосно се согласувам – 52 испитаници (44%). Може да се заклучи дека позитивен одговор на дадениот исказ дале најголемиот број од испитаниците односно 44%+37%=81% од испитаниците.

Графикон бр.1. **Развојот на човечките ресурси е прашање од витално значење кое не смее да се занемари во организцјата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.2. „**Континуираните обуки и тренинзи обезбедуваат вработените да ги добијат вистинските вештини во вистинско време** “, дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - 1 испитаник (1 %), не се согласувам - 14 испитаници (12 %), немам мислење – 20 испитаници (17 %), се согласувам – 61 испитаници (52%) и целосно се согласувам - 21 испитаници (18 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 70 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.2. **Континуираните обуки и тренинзи обезбедуваат вработените да ги добијат вистинските вештини во вистинско време**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.3. **„Вработените се мотивираат преку обуки со чија помош им стануваат јасни нивните улоги “** дадени се следниве одговори:

воопшто не се согласувам – 10 испитаници (8,5 %), не се согласувам - 18 испитаници (15 %), немам мислење - 15 испитаници (13 %), се согласувам – 50 испитаници (43 %) и целосно се согласувам – 24 испитаници (20,5 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 63,5 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.3.**Вработените се мотивираат преку обуки со чија помош им стануваат јасни нивните улоги**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.4. „ **Континуираните обуките на вработените , водат кон подобрување на квалитетот на производот и услугата која ја пружаат вработените”** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам – / испитаници (0 %), не се согласувам – 21 испитаници (18 %), немам мислење - 9 испитаници (8 %), се согласувам – 72 испитаници (61 %) и целосно се согласувам - 15 испитаници (13%). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 74 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.4. **Континуираните обуките на вработените , водат кон подобрување на квалитетот на производот и услугата која ја пружаат вработените**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.5. **“ Новите сознанија стекнати на обуките вработените ги применуваат во работата.“,** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - 1 испитаник (1%), не се согласувам – 13 испитаници (11 %), немам мислење - 21 испитаници (18 %), се согласувам - 59 испитаници (50 %) и целосно се согласувам - 23 испитаници (20 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 70% дале позитивен одговор на даденият исказ

Графикон бр.5. **Новите сознанија стекнати на обуките вработените ги применуваат во работата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.6. **„Недостатокот на адекватно обучени вработени води кон апатија, низок морал и мотивација на вработените.“,** дадени се следните одговори

воопшто не се согласувам - / испитаници (0 %), не се согласувам - 22 испитаници (19 %), немам мислење -5 испитаници (4 %), се согласувам – 74 испитаници (63 %) и целосно се согласувам – 16 испитаници (14 %). Може да сс заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 77 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.6. **„Недостатокот на адекватно обучени вработени води кон апатија, низок морал и мотивација на вработените**



Извор: сопствени истражувања

Одговорите на испитаниците, за исказите од 1 до 6, ја потврдуваат првата хипотеза која гласи: Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обука и развој на вработените тогаш тоа позитивно ќе влијае врз квалитетот на услугата и мотивираноста кај вработените

За исказот бр.7.**„ Континуираните обуките и тренинзи овозможуваат создавање на квалификуван кадар во организацијата“** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - 1 испитаник (1%), не се согласувам - 3 испитаници (2%), немам мислење - 18 испитаници (15 %), се согласувам – 53 испитаници (45 %) и целосно се согласувам - 42 испитаници (36 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 81 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.7. **Континуираните обуките и тренинзи овозможуваат создавање на квалификуван кадар во организацијата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.8. **„Несоодеетнатаобука на еработениот има негатиеен ефект врз организацијата„** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - /испитаник (0 %), не се согласувам - 1 испитаник (1%), немам мислење – 16 испитаници (13 %), се согласувам - 79 испитаници (68 %) и целосно се согласувам - 21 испитаници (18 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 86 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.8. **Несоодеетнатаобука на еработениот има негатиеен ефект врз организацијата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.9.**„ Вработените се главни играчи во постигнувањето на внатрешниот квалитет на услугите во организацијата “** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - 3 испитаници (3%), не се согласувам - 6 испитаници (5%), немам мислење - 24 испитаници (21 %), се согласувам - 66 испитаници (56 %) и целосно се согласувам - 18 испитаници (15%). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 71 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.9. **Вработените се главни играчи во постигнувањето на внатрешниот квалитет на услугите во организацијата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.10.**„ Организациите создаваат своја сопствена конкурентна предност преку постојана обука - индивидуална и колективна “** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - 0 испитаници (0%), не се согласувам - 29 испитаници (25 %), немам мислење – 27 испитаници (23 %), се согласувам - 53 испитаници (45 %) и целосно се согласувам - 8 испитаници (7 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 61 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.10 **Организациите создаваат своја сопствена конкурентна предност преку постојана обука - индивидуална и колективна**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.11. **“Обуката и развојот на вработените водат кон остварување на организациските цели “** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам - 0 испитаници (0%), не се согласувам - 17 испитаници (14 %), немам мислење – 21 испитаници (19 %), се согласувам – 62 испитаници (53 %) и целосно се согласувам - 17 испитаници (14 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 67 % дале позитивен одговор на дадениот исказ.

Графикон бр.11 **Обуката и развојот на вработените водат кон остварување на организациските цели**



Извор: сопствени истражувања

Одговорите на испитаниците, за исказите од 7 до 11, ја потврдуваат втората хипотеза која гласи: Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на

вработените тогаш тоа позитивно ќе влијае на остварување на организадиските цели и раст на организацијата..

За исказот бр.12. **„Зголемувањето на организацискатa конкурентност е резултат на континуираните обуки и тренинзи во организацијата"** дадени се следните одговори:

воопшто не се согласувам – 2 испитаници (2 %), не се согласувам – 3 испитаници (3 %), немам мислење - 20 испитаници (17 %), се согласувам – 74 испитаници (63 %) и целосно се согласувам - 18 испитаници (15 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 78 % дале позитивен одговор на дадениот исказ

Графикон бр.12. **„Зголемувањето на организацискатa конкурентност е резултат на континуираните обуки и тренинзи во организацијата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.13. **„Соодветната обука и развој на вработените резултира со висока стапка на перформанси што резултира со организациски раст„** дадени се следните одговори

воопшто не се согласувам – 0 испитаници (0 %), не се согласувам – 2 испитаници (2 %), немам мислење - 28 испитаници (24 %), се согласувам – 81 испитаници (69 %) и целосно се согласувам – 6 испитаници (5 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 74 % дале позитивен одговор на дадениот исказ

Графикон бр.13. **„Соодветната обука и развој на вработените резултира со висока стапка на перформанси што резултира со организациски раст**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.14. **„ Соодветните обуки и тренинзи придонесуваат за намалување на напуштањето на организацијата, а со тоа и намалување на трошоците за нови вработувања„** дадени се следните одговори

воопшто не се согласувам – 0 испитаници (0 %), не се согласувам – 10 испитаници (9 %), немам мислење – 12 миспитаници (10 %), се согласувам – 74 испитаници (63 %) и целосно се согласувам – 21 испитаници (18 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 81 % дале позитивен одговор на дадениот исказ

Графикон бр.14. **„ Соодветните обуки и тренинзи придонесуваат за намалување на напуштањето на организацијата**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.15. **„ Несоодветниот развој на вработените има негативно влијание врз организацискатa конкурентност. „** дадени се следните одговори

воопшто не се согласувам – 1испитаници (1 %), не се согласувам – 10 испитаници (9 %), немам мислење - 29 испитаници (24 %), се согласувам – 67 испитаници (57 %) и целосно се согласувам – 10 испитаници (9 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 66 % дале позитивен одговор на дадениот исказ

Графикон бр.15. **Несоодветниот развој на вработените има негативно влијание врз организацискатa конкурентност**



Извор: сопствени истражувања

За исказот бр.16. **„ Менаџерите имаат програма за развој на кариерата која ќе влијае на подолго задржување на вработените во компанијата „** дадени се следните одговори

воопшто не се согласувам – 0 испитаници (0 %), не се согласувам – 5 испитаници (4 %), немам мислење - 38 испитаници (32 %), се согласувам – 64 испитаници (55 %) и целосно се согласувам - 10 испитаници (9 %). Може да се заклучи дека најголемиот број од испитаниците, односно 64 % дале позитивен одговор на дадениот исказ

Графикон бр.16. **„ Менаџерите имаат програма за развој на кариерата која ќе влијае на подолго задржување на вработените во компанијата**



Извор: сопствени истражувања

Одговорите на испитаниците, за исказите од 12 до 16 ја потврдуваат третата хипотеза која гласи: Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа ќе има значително влијание врз организациската конкурентност. Со потврда на поединечните хипотези, се потврдува и главната хипотеза која гласи: Вложувањето на менаџментот на човечки ресурси во обуката и развојот на вработените во организацијата може значително да допринесе кон успешното работење на организацијата.

5.2.Потврдување на хипотезите во истражувањето

Од пополнетите прашалници може да се увиди дека:

• Развојот на човечките ресурси е прашање од витално значење кое не смее да се занемари во организацијата (81 % дале позитивен одговор)

• Организациите во кои е спроведена анкетата водат грижа за континуирани обуки и тренинзи за да можат вработените да ги добијат вистинските вештини (70% дале позитивен одговор),со што вработените се мотивираат (63,5% дале позитивен одговор) и водат кон подобрување на квалитетот и услугата што ја пружат вработените (74 % дале позитивен одговор)

• Испитаниците сметаат дека новите сознанија стекнати од посетените обуки вработените ги применуваат во работата (70% дале позитивен одговор), а доколку постои недостаток од обуки влијае врз мотивацијата на вработените (77 % дале позитивен одговор)

• Голем дел од лицата кои се анкетирани сметаат дека континуираните обуки и тренинзи овозможуваат сосдавање на квалификуван кадар во (81% дале позитивен одговор) а најголем дел од испитаниците сметаат дека несоодветната обука на вработените има негативен ефект врз организацијата (86 % дале позитивен одговор)

• Анкетираните сметаат дека континуираните обуки и тренинзи водат кон остварување на организациските цели (67 % дале позитивен одговор)

• Испитаниците сметаат дека несоодветната обука на вработениот има негативен ефект врз организацијата (75% дале позитивен одговор) и дека недостатокот на соодветно квалификувани работници води до намалување на организацискиот раст (75% дале позитивен одговор).

Испитаниците сметаат дека зголемувањето на организациската конкурентност е резултат на континуирани обуки на вработените од страна на организацијата (78 % дале позитивен одговор).

• При тоа, соодветните обуки и тренинзи резултираат со висока стапка на перформанси а со тоа и организациски раст (74 % дале позитивен одговор) ,но тие придонесуваат и за намалување на напуштањето на организацијата, а со тоа и намалување на трошоците за нови вработувања (81 % дале позитивен одговор)

• Несоодветниот развој на вработените има негативно влијание врз организацисктаконкурентност (66 % дале позитивен одговор)

• Менаџерите имаат програма за развој на кариерата која ќе влијае на подолго задржување на вработените во компанијата (64 % дале позитивен одговор)

Одговорите на испитаниците, за исказите од 1 до 6 , ја потврдуваат првата хипотеза која гласи:
Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обука и развој на вработените тогаш тоа значително ќе влијае врз квалитетот на услугата и мотивираноста на вработените .

Одговорите на испитаниците, за исказите од 7 до 11 , ја потврдуваат втората хипотеза која гласи:
Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа позитивно влијае на остварување на организациските цели и раст на организацијата .

Одговорите на испитаниците, за исказите од 12 до 16 , ја потврдуваат третата хипотеза која гласи:
Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа има значително влијание врз организациската конкурентност.

Со потврда на поединечните хипотези, се потврдува и главната хипотеза која гласи: Вложувањето на менаџментот на човечки ресурси во обуката и развојот на вработените во организацијата може значително да допринесе кон успешното работење на организацијата.

Имено при вработувањето овие компании водат сметка за образованието на кандидатот, способностите, стекнатото искуство, како и мотивацијата за работа и конкретно работата на позицијата која се нуди. Меѓутоа важни им се и други квалитети: брзо да учи и да ги усвојува приоритетите, да биде креативен, флексибилен, да поседува личен кредибилитет, да има способност за емпатија, да има тимски дух, да прифаќа конструктивна критика и да знае да сослуша совет, има желба и да е подготвен за стекнување на нови знаења, да биде проактивен, иновативен, да ги поддржува колегите, да е способен за само - рефлексија, да има добри комуникациски вештини и да излегува од зоната на комфорот.За сите компании обуката и развојот се многу важни и тие работат на развојот на вработените. Нивниот избор е идентичен, кога станува збор за нивниот избор помеѓу добро платена работа без можност да се развиваат и стекнуваат нови знаења и помеѓу работа со пониска плата, но со поголема шанса за стекнување нови знаења. Поголем дел избираат да работат за пониска плата но со можност за стекнување нови знаења како би останале конкурентни на пазарот на труд. Компаниите планираат средства за обука и тренинг, а практикуваат разен тип обуки - од специјализирани обуки потребни за конкретните работни места во нивната компанија па се до обуки кои се однесуваат на меките вештини - комуникација, тимска работа, правилно користење на времето и слично. Ставот за вложувањата во обуките и тренинг на вработените е ист - за сите нив овие вложувања претставуваат повратни инвестиции.

Постои притисок од конкуренцијата да се преземат обучените и креативни работници, посебно во ИТ секторот, но компаниите преку различни форми и бенефиции се трудат да ги задржат добрите работници.

ДИСКУСИЈА

Континуиранат обуката и тренинг се суштински елементи на организациите и компаниите кои се стремат кон континуиран раст и развој и подобрување во работењето. Обуката и тренинг се важни за опстанокот на секоја организација и компанија. Обуката и тренинг се значајни за ефикасни перформанси на вработените именаџерите, за подобрување на способноста да се прилагодат на променливата и предизвикувачка средина. Според голем број истражувања обуката и тренинг сезначајни за ефикасни перформанси:

-обуката има позитивни ефекти врз посветеноста на вработените и оперативната ефикасност (Ahmad & Schroeder, 2003). [54]

- Обуката ја подобрува вештината на една личност за некоја задача. Обуката помага во социјалниот, интелектуален и ментален развој на вработениот, што е многу важно за да се олесни не само нивото на продуктивност, туку и развојот на персоналот во која било организација.(Oatey, 1970) [55]

- Обука е еден вид активност која е планирана, систематска и резултира со засилено ниво на вештина, знаење и компетентност кои се неопходни за ефикасно работење (Gordon, 1992). [56]

-Обуката и развојот се дефинирани како процес на систематско развивање на знаење и експертиза поврзано со работата кај луѓето со цел подобрување на перформансите (Swanson & Holton, 2001). [57]

-Перформансите на вработените можат да се зголемат со ефикасно управување
затоа што човечкиот ресурс е од витално значење за одржливо работење (Pfeffer,1998)[58]

Континуиранат обуката и тренинг влијаат на поединецот, на неговата мотивација и перформанса кој пак влијае на организацијата, организациите станаа свесни дека за да

[54] https://experts.umn.edu/en/publications/the-impact-of-human-resource-management-practices-on-operational-

[55] https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1111/j.1467-8543.1970.tb00568.x

[56] https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1177/103841119503300111

[57] https://www.semanticscholar.org/paper/Foundations-of-Human-Resource-Development-Swanson-Holton/a1e879c1e63a10eb8906391daaa91575947d5090

[58] https://www.researchgate.net/publication/265114424_Seven_Practices_of_Successful_Organizations

бидат конкурентни мораат да имаа квалитетни кадри. Квалитетните кадри ги добиваат со вложување во обуката и развој на вработените и менаџерите во организацијата. Човечките ресурси не се само најзначаен ресурс на една организација, туку и најскап ресурс и затоа за нив треба да се покажува највисок степен на внимание и интерес. Кадрите во организацијата, нивната обука и развој претставува одлучувачки фактор на конкуретската способност и успехот на организацијата.

Континуираната обуката и тренинг не само што ги подобрува вкупните перформанси на вработените ефикасно да ја извршуваат тековната работа, но исто така, да го подобрат знаењето,вештини и ставови на работниците неопходни за идната работа, со што ќе придонесе супериорна организациска перформанса.

Преку континуирана обука и тренинг на вработениот се развиваат компетенции и им се овозможува да ја спроведуваат работата ефикасно и постигнување на целите на конкурентен начин.

Повеќето од придобивките што произлегуваат од обуката се постигнуваат лесно кога се работи за планираната обука. Ова значи дека организацијата, едукаторите и обучуваните се подготвени на обуката однапред. За успешни перформанси не се доволни само компетенциите кои вработените ги веќе ги поседуваат, туку неопходно е нивното натамошно усовршување и унапредување кое произлегува од потребата за успешно справување со работните задачи. Колку повеќе потенцијал имаат вработените, толку повеќе можности и стојат на располагање на компанијата, а истовремено, доколку компанијата се грижи за вработените, тие ќе чуствуваат дека таа придонесува за нивниот напредок.

Денес успехот на една организација зависи од тоа колку таа може нешто да направи поинаку и подобро во споредба со конкуренцијата, а по тоа, по штотие се разликуваат помеѓу себе се луѓето кои во нив работат. Организациите од сите големини и видови,ако сакаат да бидат успешни треба да вработуваат компетентни и мотивирани лица. Организациите,образованието и развојот на вработените ги сметаат како составен дел на стратегијата за успешна конкурентска борба на пазарот. Во тие рамки, може да кажеме дека континуиранат обука и тренинг се дефинира „како стекнување нови вештини и знаења потребни за извршување на нови работи и задачи”.

Континуираната обуката и тренинг претставува систематски процес на збогатување и проширување на знаењата, вештините и однесувањата на човечки ресурси со цел подобро и поефикасно извршување на работата на конкретното работно место, развојот претставува оспособување на вработените за извршување на работите и работните задачи на други работни места или на работни места кои сега не постојат, а ќе се јават во иднина.

Највредните средства на компанијата од 20 век беа нејзината опрема за производство. Највредното богатство на институциите од 21 век, без разлика дали е деловна или не-деловна активност, ќе биде знаењето на работниците инивната продуктивност. “- Питер Ф. Дракер [59]

[59] Drucker P.,(2002)Upravljanjem u novom drustvu,Adizes.Novi Sad , str.188

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Континуираната буката и развојот се во срцето на една организација која бара континуиран раст и подобрување на работењето. Тоа е процес на учење со кој им се овозможува на новите и постојните вработени стекнување на знаење и технички вепггини како и поттикнување на схавови на однесување, со цел да бидат поефективни на своите работни места. Обуката е важна за опстанок на секоја организација. Исто така е императив за ефикасни перформанси на вработените, за подобрување на способноста на вработените да се прилагодат на променливата и предизвикувачка деловна средина и технологија, за подобри перформанси, зголемување на знаењето на вработените за развивање на креативни вештини и решавање на проблеми.

Во светот на конкурентните економии, глобализацијата на пазарите и технолошки развој, не е доволно за претпријатијата да бидат продуктивни. Нивниот опстанок и раст не зависат само од брзината на нивната адаптација кон новите технолошки и економски услови, туку и од нивото на развојот на нивните човечки ресурси.

Континуиранат обуката и тренинг влијаат на поединецот, на организацијата и на општеството во целина. Организациите станаа свесни дека за да просперираат мора да имаат квалитетни човечки ресурси. Квалитетот го поттикнуваат во вложувањето во своите вработени и следењето на нивниот развој. Се повеќе држави имаат национални политики каде се охрабрува и се поттикнува образованието / обуката на национално ниво со цел зајакнување на човечкиот капитал, а со тоа и економски просперитет. Компаниите инвестираат во развојот на своите вработени бидејќи за нив тоа не е само работа на опстанок на пазарот туку е и општествено одговорна работа кон заедницата и влијае на економскиот просперитет.

Целта на истражувањето во овој магистерски труд е да се утврди дали менаџментот на човечки ресурси во организациите вложува во обуки и развој на вработените и како тоа влијае на квалитетот на услугата пгго ја даваат вработените, на организацискиот раст и успешното работење на организацијата . Поради тоа се тргнува од основната хипотеза на овој труд - вложувањето на менаџментот на човечки ресурси во обуката и развојот на вработените во организацијата може значително да допринесе кон успешното работење на организацијата , која се докажува со помош на три поединечни хипотези:

1. Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обука и развој на вработените тогаш тоа значително влијае врз подобрување на квалитетот на услугата и мотивираноста на вработените.

2. Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа позитивно влијае на остварување на организадиските цели и раст на организацијата.

3. Ако менаџментот на човечки ресурси вложува во обуката и развојот на вработените тогаш тоа има значително влијание врз организацискатa конкурентност.

Врз основа на резултатите од истражувањето, може да се каже дека главната хипотеза и помошните хипотези се потврдени . Се обезбедија нови информации и сознанија за менаџментот на човечки ресурси односно за обуката и развојот на вработените , со цел да станат основа за идните научни истражувања.

Овој труд , покрај доприносот има и одредено ограничување кое се однесува на примерот испитаници кој секако можел да биде поголем и поразновиден . Врз основа на запазувањата воочени од анализата на анкетните прашалници и одговорите на менаџерите може да се дадат следните препораки :

- треба се повеќе да се едуцираат менаџерите за да го сфатат значењето на едукацијата и стручното усовршување на вработените бидејќи недостатокот од ваква иницијатива може негативно да се одрази на конкурентноста на организацијата .

• На учесниците на обуката да им се даваат соодветни обуки во склад со нивните потреби и да им се објасни целисходноста од присуството на образовните програми што влијае на нивната мотивација, а со самото тоа и на задоволството од работата .

• да се создаде опкружување кое ќе го фаворизира и наградува вработениот кој се обучува и ќе го мотивира .

Овој магистерски труд треба да даде мал допринос кон пронаоѓањето на начини за подобро користење и развивање на човечкиот капитал со помош на обука со што би се зголемила нивата конкурентност во отежнати услови во кои се наоѓа и нашата економија .

Користена Литература

1. Anderson, L. (2010). “Talking the Talk” - A discursive approach to evaluating management development.T/i/man Resource Development International, 13(3), 285-98

2. Anderson, V. (2007).Value o f learning: from return on investment to return on expectation. London: Chartered Institute of Personnel and Development

3. Apospori, E., Nikandrou, L, Brewster, C., and Papalexandris, N. (2008). HRM andOrganizational Performance in Northern and Southern Europ Journal o f Human Resource Management 19 (7), 1187-1207.

4. Argote, L. (2012) Organizational learning: Creating, retaining and transferring knowledge. Springer

5. Armstrong, M. (2003).Handbook o f Human Resource Management Practice. London : Kogan Page

6. Asiedu-Appiah.F.,Kontor. E., Asamoah. D. (2013). Effect of human resource management practices on employee retention: perspectives from the mining industry in Ghana. International Research Journal o f Arts and Social Sciences, 2(2), 30-48.

. Babić, L. (2009). Upravljanje edukacijom u organizaciji. Beograd: UniverzitetSingidunum

8. BahtijarevićŠiber, F. (1999). Management ljudskih potencijala. Zagreb:Golden marketing

9. Bakotić, D. (2013). Veza između obuke zaposlenika i motivacije za rad, Praktični menadžment. Virovitica: Visoka škola za menadžment u turizmu i informatici

10. Barrett, A.& O'Connell, P. (2001). Does training generally work? The returns toincompany training. Industrial and Labor Relations Review, 54(3),647-6

11. Barron, T. (2002). Evolving Business Models in e-leaming. Summary white paper, Consulting Business Intelligence, 2-17

12. Bartlett, K. R., & Rodgers, J. (2004). HRD as a National Policy in the Pacific Islands. Advances in Developing Human Resources, 6(3), 307-314.

13. Bassi, L., Harrison, P., Ludwig, J.& McMurrer, D. (2001). Human capital investments and firm performance. Human Capital Dyna24(3), 61-76.

14. Bhatti, K. K., & Qureshi, T. M. (2007). Impact of employee participation on job satisfaction, employee commitment and employee productivity. Int. Rev. Bus. Res. Paper., 3(2), 54-68.

15. Bing, J. W., Kehrhahn, M., & Short, D. C. (2003). Challenges to the field of Human Resources Development. Advances in Developing Human Resources, 5 (3), 342-351.

16. Bogićević B. (2010). Menadžment ljudskih resursa. Beograd: Ekonomski fakultet

17. Boljanovic J. & Pavic Z . (2011). Osnove menadžmenta ljudskih resursa, Beograd: Univerzitet Singidunum

18. Booth, S., & Hammer, K. (2007). Labour turnover in the retail industry. International Journal o f Retail and Distribution Management, 35(4): 289-307.

19. Bozbura, T.(2007). Knowledge management practices in Turkish SMEs. Journal of Enterprise Information Management, 20 (2), 209 -221

20. Burke, L., & Hutchins, H. (2008). A study of best practices in training transfer and proposed model of transfer. Human Resource Development, 19(2), 107-128.

21. Callahan, J (2010). Constructing a Manuscript: Distinguishing Integrative Literature Reviews and Conceptual and Theoretical Articles Resource Development Review 9(3): 300-304

22. Chermack, T. J., Lynham, S. A., & Ruona, W. E. A. (2003). Critical Uncertainties Confronting Human Resource Development. Advances in Developing Human Resources, 5(3), 257-271.

23. Cho, E., & McLean, G. N. (2004). What we discovered about NHRD and What it means for HRD. Advances in Developing Human Resources, 6(3), 382-393.

24. Ciccone, A. & Papaioannou, E. (2009). Human capital the structure of production and growth, The Review o f Economics and Statistics, 91-104

25. Cleveland, B. (2005). Seven Essential Principles of Effective Communication. Call Center Magazine, 18(6):30.

26. Colquitt J. A., LePine L. J., & Noe R.A.(2000). Toward an integrative theory of training motivation: A meta -analytic path analysis of 20 years of researc of Applied Psychology, 85(5), 678-707.

27. Cooper, S. (2004). National Governance and Promising Practices in Workplace Learning: a Postindustrial Programmatic Framework in Canada. Advances in Developing Human Resources 6(3), 363-273.

28. Corder, N. (2002). Learning to teach adults: An introduction. London: Routledge

29. Deb,T. (2010). Human Resource Development Theory and Practices. New-Delhi:Ane Books Pvt. Ltd

30. Деслер, Г. (2007). Основи наменацмент на човечкиресурси. Белград: Датастатус

31 Edralin, D.M. (2004). Training: A strategic HRM function. Centre for Business and Economic Research and Development, 7(4), 1-4.

32. Goldstein, F. (2007). Training in Organization. Fourth Edition, Thomson Learning

33. Hamlin RG, Ellinger AD & Beattie RS. (2008). The emergent 'coaching industry': a wake-up call for HRD professionals .HumanResource Development International, 11 (3): 287-305

34. Houger V. P (2006). Trends of employee performance. Collaborative effort between managers and employees. International Society for performance im-provement, 45 (5), 26-31. 46. Ignjatovic, M& Svetlik, I. (2003).European HRM Clusters

35. Jhingan, M.L. (2008). The Economics of Development and Planning. New Delhi: Vrinda Publications (P) Limited

36. Kathryn, O. (2011). Face-to-face training is the preferred modality of professional continuing education for librarians of all ages, but more evidence is needed. Evidence BasedLibrary and Information Practice, 1, 56-58

37. Khurana, A., Khurana, P. & Sharma, H.L., (2009). Human Resource Management. New Delhi :V.K.Enterprises

38. Levey, M.& Wrappe S. (2007). Transfer Pricing, Rules, Compliance and Controversy, 2nd edition. CCH, Wolters Kluwer

39. Mittal, S. (2013). HRD Climate in Public & Private Sector Banks. Indian Journal o f Industrial Relations, 49(1), 123-131.

40. Noe, R. (2010). Employee training and development. McGraw-Hill/Irwin

41. Okoye P.V.C.& Ezejiofor R, (2013), The Effect of Human Resources Development on Organizational Productivity, International Journal o f Academic Research in Business and Social Sciences, 3 (10), 252

42. Pattanayak, B. (2005). Human Resource Management. New- Delhi: Prentice Hall of India Pvt ltd 72. Paunov, M. (2007). Strategic human resource management. "Economy"-University Publishing House

43. Петковски К. & Стоилковска А. (2010). Менаџментцачовечкиресурси. Скопје: У ниверзитетзатуризамименаџмент 74. Petz, B,.ur. (1992).Psihologijski rječnik. Zagreb:Prosvjeta

44. Pulić, A., - Sundać, D.(1998). Intelektualnikapital, Rijeka:I.B.C.C.

45. RahimićZ. (2010).Menadžmentljudskihresursa.Sarajevo: Ekonomskifakultet

46. Sambrook S. & Stewart J. (2010). Teaching, Learning and Assessing HRD. Journal of European Industrial Training, Special Issue, 34 (8/9): 710-734 83. Sambrook S. (2004). A 'critical' time for HRD?. Journal o f European Industrial Training, 28, (8/9): 611-624

47. Sambrook S. (2004). A 'critical' time for HRD. Journal o f European Industrial Training, 28, (8/9): 611-624

48. Sanchez N., AragoA., Arago B.I. & Valle S. Effects of training on business results. International Journal o f Human Resource Management, 4, 2003,105 -122.

. Sharma, S. C. (2004). Management System. New Delhi: Khana Publishers.

49. Sheikh, A.M. (2006) Human Resource Development and Management. Ram Nagar, New Delhi: S. Chand and Company Limited

50. Sheikh, A.M. (2009). Human Resource Development and Management. New Delhi:S.Chand and Co. ltd

51. Stangal - Susnjar, G. & Zimanji V. (2005 ljudskih resursa. Subotica: EkonomskiFakultet

52. Štangl Šušnjar &Zimanji V. (2005).Menaljudskih resursa. Subotica: Ekonomski fakultet

53. Stavrou, E., Brewster, C., and Charalambous, C. (2004), Human Resource Management as a Competitive Tool in Europe, working paper, London: Henley College.pp. 125-134

54. Stewart, G. L.& Brown, K. G. (2009).HumanResource Managemant; linking Strategy to Practise. New York: John Wiley&Sons, Inc.

55. Stewart, T. (2001). The wealth o f knowledge: intellectual capital and the twenty-first century organization. London: Nicholas Brealey

56. Stiles, P., & Kulvisaechana, S. (2005). Human Capital and Performance: A Literature Review. Judge Institute of Management, University of Cambridge, UK.

57. Stredwick, J. (2001). An introduction to human resource management. Oxford: Butterworth-Heinemann

58. Swarajayalakshmi, C., (2005). Human Resource Development In Public Enterprises. New Delhi: Discovery Publishing House

59. Swart J., Mann C., Brown S. & Price A. (2005). Human resource development: Strategy and tactics. Oxford: Elsevier Butterworth-Heinemann Publication

60. Sheikh, A.M. (2009). Human Resource Development and Management. NewDelhi:S.Chand and Co. ltd

61. Stangal - Susnjar, G. & Zimanji V. (2005 ljudskih resursa. Subotica: EkonomskiFakultet

62. Velada, R. (2007). The effects of training design, individual characteristics and work environment on transfer of training. International Journal o f Training & Development, 11:282-294

63. Vemić, J. (2007). Employee Training and Development and the Learning Organization. FACTA UNIVERSITATIS Series: Economics and Organization, 4 (2), 209-216.

64. Vesić, D. D. (2006).Menadžment ljudskih resursa. Beograd

65. Wentland, D. (2003). The strategic training of employees model: Balancing organizational constrains and training content. S.A.M. Advanced Management Journal, 68, 56-63

66. Whalen, T., & D. Wright. (2000). The business case for web-based training. Boston, London: Artech House

67. Whitley, A., Cheung, S., & Quan, A. S. (2000). Human Resource Strategies in China, London: World Scientific Publish.

68. Williams, S.D., Graham, T.S. & Baker, B. (2003). Evaluating outdoor experiential training for leadership and team building. The Journal of Management Development, 22, 46-59

69. Zwick, T. (2006). The impact of training intensity on establishment productivity. Industrial Relations, 45(1), 26-46

70. ЏонсР. Гарет, ЏорџМ. Џенифер, (2008), Современменаџмент. Скопје: Глобалкомуникации

Интернет пребарувања

1. http://goo.gl/5BMgvT
2. http://siepa.gov.rs/files/pdf/EXPORTER7_2007_03.pdf
3. http://www.businessdictionary.com/definition/motivation.html#ixzz3VbweP9p3
4. http://www.liderpress.hr/Default.aspx?sid=108370
5. http://kapitalmagazin.rs/ekonomija-znanja-zasto-nam-je-nauka-vazna/
6. http://www.cpm.rs/sl/baza.../znacaj-obuke-za-osposobljavanje-zaposlenih
7. http://www.gneil.com/
8. http://www.tmg.org.rs/v343406.htm
9. https://experts.umn.edu/en/publications/the-impact-of-human-resource-management-practices-on-operational-
10. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1111/j.1467-8543.1970.tb00568.x
11. https://www.semanticscholar.org/paper/Foundations-of-Human-Resource-Development-Swanson-Holton/a1e879c1e63a10eb8906391daaa91575947d5090
12. https://www.researchgate.net/publication/265114424_Seven_Practices_of_Successful_Organizations
13. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1177/103841119503300111

П рилог1

Анкетниот прашалник се пополнува анонимно со заокружување на понуден одговор. Сите податоци ќе бидат исклучиво користени за научно истражувачки цели.

Анкетен прашалник

1. Пол
   • машки • женски
2. Возраст
   • 25-35 • 36-45 • 46-62
3. Степен на образование
   • ссс • всс • магистер • доктор на науки
4. Години на работен стаж во организацијата
   • До 5 год.
   • Од 5 до 10
   • Од 10 до 20

1.	**„ Развојот на човечките ресурси е прашање од витално значење кое не смее да се занемари во организцјата**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
2.	**„Континуираните обуки и тренинзи обезбедуваат вработените да ги добијат вистинските вештини во вистинско време “**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
3.	**„Вработените се мотивираат преку обуки со чија помош им стануваат јасни нивните улоги “**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
4.	**„ Континуираните обуките на вработените , водат кон подобрување на квалитетот на производот и услугата која ја пружаат вработените”**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
5.	**“ Новите сознанија стекнати на обуките вработените ги применуваат во работата.“**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
6.	**„Недостатокот на адекватно обучени вработени води кон апатија, низок морал и мотивација на вработените.“**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
7.	**„Континуираните обуките и тренинзи овозможуваат создавање на квалификуван кадар во организацијата“**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
8.	**„Несоодеетнатаобука на еработениот има негатиеен ефект врз организацијата„**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
9.	**.„ Вработените се главни играчи во постигнувањето на внатрешниот квалитет на услугите во организацијата**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
10	**„ Организациите создаваат своја сопствена конкурентна предност преку постојана обука - индивидуална и колективна “**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
11	**“Обуката и развојот на вработените водат кон остварување на организациските цели “**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
12	**„Зголемувањето на организациската конкурентност е резултат на континуираните обуки и тренинзи во организацијата"**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
13	**„Соодветната обука и развој на вработените резултира со висока стапка на перформанси што резултира со**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**

	организациски раст„					
14	**„ Соодветните обуки и тренинзи придонесуваат за намалување на напуштањето на организацијата, а со тоа и намалување на трошоците за нови вработувања„**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
15	**„ Несоодветниот развој на вработените има негативно влијание врз организациската конкурентност. „**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
16	**„ Менаџерите имаат програма за развој на кариерата која ќе влијае на подолго задржување на вработените во компанијата „**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**